РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-106
29.10.2026 година / viti
СКОПЈЕ, SHKUP

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 19 став 8, член 20 став 1 алинеја 10[1], член 24 и член 79 ставови 1, 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 51 ставови 1 и 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), согласно член 15 став 1 алинеја 2, член 41 став 1 алинеја 8, член 42 став 1 и член 59 ставови 1, 2 и 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., постапувајќи по Барањето за продолжување на дозволата за РА емитување на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, Уп1 бр.08-106 од 28.9.2026 г. на 36 седница одржана на 27.10.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3827/5 од 27.10.2026 г., ја донесе следната

О Д Л У К А
за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани

1. Дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, Уп1 бр.08-106 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, согласно точка број 1. на оваа Одлука, ќе му издаде нова дозвола.

3. Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, за периодот за кој се продолжува дозволата е должен да работи во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, прописите донесени врз основа на истите, како и во согласност со условите утврдени во дозволата.

4. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

5. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Во член 79 (Времетраење на дозвола за телевизиско или радио емитување) став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗАВМУ, пропишано е дека дозволата за телевизиско или радио емитување на трговските радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години со можност за продолжување на истата.

Согласно член 79 став 2 од ЗАВМУ, дозволата за вршење на радиодифузна дејност не може да се пренесува на друго лице.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Дозволата за телевизиско или радиоемитување согласно член 79 став 3 од ЗАВМУ може да се продолжи на барање на носителот за време од девет години. Барањето се доставува до Агенцијата во рок не подолг од шест месеци пред истекот на важноста на дозволата. Советот на Агенцијата задолжително донесува одлука во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето со која се продолжува дозволата, доколку радиодифузерот не сторил прекршувања согласно со ставот 4 на цитираниот член.

Согласно член 79 став 4 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата донесува одлука за одбивање на барањето за продолжување на дозволата ако радиодифузерот сторил сериозни прекршувања во текот на времетраењето на дозволата и тоа: - најмалку трипати во текот на времетраењето на дозволата сторил непочитување на посебните забрани од членот 48 од овој Закон, за што има правосилни судски пресуди или - во текот на времетраењето на дозволата, во најмалку еден изборен циклус медиумското покривање не било направено на правичен, избалансиран и непристрасен начин, за што има правосилни судски пресуди.

Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани (РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани), е имател на Дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-106 од 7.9.2023 г., издадена за период од 3 (три) години, почнувајќи од 5.1.2024 г. до 4.1.2027 г. за емитување преку терестријален предавател, на локално ниво, на подрачјето на општина Кочани, програмски сервис говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на македонски јазик.

На веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), објавени се образец на Барањето за продолжување на дозвола за ТВ/РА емитување и прилози кон истото, и тоа: Соодветна исправа како доказ дека на радиодифузерот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од регистар или евиденција (во оригинал или копија заверена на нотар и не постара од 15 дена од денот на доставувањето), или изјава од управителот на радиодифузерот дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност, заверена на нотар (и не постара од 15 дена од денот на доставувањето); Изјава од радиодифузерот, заверена на нотар дека ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ (АЕК) согласно со Законот за електронските комуникации (ЗЕК) и прописите донесени врз основа на него; ќе ги почитува техничките, просторните, финансиските и кадровските услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио (ра) и телевизиско (тв) емитување донесен од страна на АВМУ; не ги прекршува одредбите од Глава IV на ЗАВМУ и податоците дадени во барањето се точни и сите прилози се веродостојни и полноважни, како и согласност за обработка на личните податоци наведени во Барањето.

На 28.9.2026 г., РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, согласно член 79 став 3 од ЗАВМУ, поднесе Барање за продолжување на дозвола за РА емитување, Уп1 бр.08-106 од 28.9.2026 г. на соодветниот образец. При разгледување на поднесеното барање се утврди дека истото е уредно и целосно и ги содржи потребните прилози (заверени на нотар), и тоа: Прилог бр.1 - Изјава од Илчо Лазаровски, дадена во својство на управител на РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани дека на радиодифузерот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност, која не е постара од 15 дена од денот на доставувањето (бр.УЗП 2627/2026 од 28.9.2026 г.); Прилог бр.2 - Изјава од Илчо Лазаровски (бр.УЗП 2625/2026 од 28.9.2026 г.) и од Илија Стефановски (бр.УЗП 2628/2026 од 28.9.2026 г.), дадени во својство на основачи/сопственици на радиодифузерот РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, дека наведениот радиодифузер ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри определени од страна на АЕК согласно со ЗЕК и прописите донесени врз основа на него; ќе ги почитува техничките, просторните, финансиските и кадровските услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за ра и тв емитување донесен од страна на АВМУ; не ги прекршува одредбите од Глава IV на ЗАВМУ и податоците дадени во барањето се точни и сите прилози се веродостојни и полноважни; Прилог бр.2.1 - Изјава од Илчо Лазаровски (бр.УЗП 2626/2026 од 28.9.2026 г.) дадена во својство на управител на радиодифузерот, дека РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри определени од страна на АЕК согласно со ЗЕК и прописите донесени врз основа на него; ќе ги почитува техничките, просторните, финансиските и кадровските услови согласно Правилникот за

минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за ра и тв емитување донесен од страна на АВМУ; не ги прекршува одредбите од Глава IV на ЗАВМУ и податоците дадени во барањето се точни и сите прилози се веродостојни и полноважни и Согласност за обработка на личните податоци наведени во Барањето, дадена од страна на управителот на радиодифузерот од 28.9.2026 г.

По извршениот увид во работењето на радиодифузерот во текот на времетраењето на дозволата, од страна на АВМУ, се утврди дека барателот - РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани ги исполнува условите утврдени во член 79 од ЗАВМУ, односно во текот на времетраењето на Дозволата, Уп1 бр.08-106 од 7.9.2023 г. не сторил сериозни прекршувања наведени во член 79 став 4 од ЗАВМУ.

Имајќи го предвид наведеното, Мухамер Беќири, Заменик на директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог, Уп1 бр.08-106 од 26.10.2026 г., за донесување на Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, Уп1 бр.08-106 од 7.9.2023 г., чијашто важност истекува на 4.1.2027 г. и истата да се продолжи за време од 9 (девет) години, односно од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 година.

Следствено на сето погоренаведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 19 став 8, член 20 став 1 алинеја 10, член 24 и член 79 ставови 1, 2 и 3 од ЗАВМУ, член 51 ставови 1 и 2 од Законот за општата управна постапка, согласно член 15 став 1 алинеја 2, член 41 став 1 алинеја 8, член 42 став 1 и член 59 став 1, 2 и 3 од Деловникот за работа на АВМУ, постапувајќи по Барањето за продолжување на дозволата за РА емитување на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, Уп1 бр.08-106 од 28.9.2026 г., Советот на Агенцијата донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави во Службен весник на РСМ и на веб страницата на Агенцијата. На РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, за продолжената дозвола од точка број 1. на оваа Одлука, АВМУ ќе му издаде нова дозвола. Радиодифузерот е должен за периодот за кој се продолжува дозволата да работи во согласност со ЗАВМУ, ЗМ, прописите донесени врз основа на истите, како и во согласност со условите утврдени во дозволата. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски

Правна поука: Против оваа одлука радиодифузерот од точка 1. на одлуката, може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Одлуката.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- РТД РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани;
- Управителот на РТД РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани;
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ;
- Директорот на Агенцијата / Заменикот на директорот на Агенцијата / Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).